## Постапка за поднесување на пријава за исполнети минимално-технички услови за вршење на туристичка дејност и евиденција на вршителите на туристичка дејност кои отпочнуваат со работа на подрачјето на Општина Куманово

Согласно Законот за туристичка дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14), член 3, став 2 "Вршителот на туристичката дејност е должен исполнувањето на условите од член 9 став 1 (минимално-технички услови) на овој закон да го пријави на Државниот пазарен инспекторат и на градоначалникот на општината, најмалку осум дена пред почетокот на вршењето на дејноста."

Пријавата за исполнети минимално-технички услови за вршење на туристичка дејност и започнувањето со работа се доставува до Одделението за ЛЕР преку архивата на Општина Куманово на образец во два примероци согласно член 9, став 1 од Законот за туристичка дејност;

Во Архивата се потврдува приемот на поднесокот и се води делововодник за поднесоците.

Пријавата се заведува во интерна доставна книга и се доставува до Раководителот на Секторот кој поштата ја парафира и ја доставува во Раководителот на Одделението за ЛЕР;

Раководителот на Одделението за ЛЕР, ја парафира Пријавата и ја доставува до самостојниот референт надлежен за вршење на работите од областа на угостителството, туризмот, трговијата и занаетчиството;

Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство ја разгледува Пријавата, ја заверува во Архива и ги заведува податоците од Пријавата во електронска дата база на вршители на туристичка дејност кои работат на територијата на Општина Куманово.

Еден примерок од Пријавата се доставува до странката, додека еден примерок Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство го документира според дата на поднесување;

Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство, на секои три месеци доставува извод од електронската дата база на вршителите на туристичка дејност кои работат на територијата на Општина Куманово до Раководителот на Секторот, Раководителот на Одделението за ЛЕР и Секторот за инспекциски надзор.